NATIONAL BOWELCANCER SCREENING PROGRAM

Australian Government

<Date> Број за идентификација <Consumer ID>

<Participant Given Name> < Participant Family Name >
<Preferred Mailing Address>
<Preferred Mailing Address >
<LOCALITY> <STATE> <POSTCODE>

Драги <Participant Given Name> < Participant Family Name >

Дали знаете дека околу 80 Австралијци умираат секоја недела од рак на дебелото црево? Ракот на дебелото црево е еден од најчестите видови рак во Австралија, особено меѓу луѓето постари од 50 години. Добра вест е тоа што има едноставна проверка што можете да ја направите сами дома и што може да помогне да се откријат раните знаци на рак на дебелото црево.

Со оваа проверка се откриваат мали количества крв присутни во вашиот измет. Тоа може да биде знак за некоја ненормална состојба или за рак на дебелото црево и, ако се открие во раната фаза, може полесно и поуспешно да се лекува.

Австралиската влада ја воведе Националната програма за откривање рак на дебелото црево за луѓето што навршуваат 50, 55 и 65 години меѓу јануари 2008 г. и декември 2010 г. за да помогне да се намали бројот на Австралијците што умираат од рак на дебелото црево секоја година.

Во текот на следните неколку недели ќе ви биде испратен пакет за покана, кој содржи и комплет за проверка со упатства и информативна книшка. Проверката е бесплатна, а ќе ви бидат потребни само неколку минути во два наврати за да ја направите проверката. Резултатите од проверката ќе се чуваат сосем доверливо и ќе ви се испратат само на вас и на вашиот доктор, ако тоа го назначите вие.

Регистарот спроведе специјална постапка за да го избере вашето име или од списоците на картони што се чуваат во Medicare, или од списоците што ги има Одделот за ветерански работи (Department of Veteran's Affairs) и да ви го испрати ова писмо за да ве покани да учествувате во Програмата. Вашите лични информации – како што се вашето име, контактни поединости, возраст, пол, број под кој сте заведени во Medicare, резултатите од вашите проверки и името на вашиот лекар – се заштитени со закон според Законот за приватност од 1988 г. (Privacy Act 1988).

Ракот на дебелото црево може да се развие а притоа да даде само неколку знаци за рано предупредување, или да не даде никакви знаци, па затоа ве молиме да одвоите време и да ги прочитате информациите во пакетот за покана кога ќе го добиете, зашто раното откривање е најдобрата заштита што засега постои за борба против ракот на дебелото црево.

Ако веќе се лекувате од рак на дебело црево или ако имате некоја здравствена состојба на која вашето учество во Програмата, според мислењето на вашиот лекар, може да влијае, може да одлучите да истапите или привремено да истапите од Програмата така што ќе го пополните формуларот за истапување/привремено истапување од Програмата од информативната книшка што ќе ја добиете во пакетот за покана.

Се надевам дека ќе одлучите да учествувате во оваа важна Програма.

Искрено ваш

**Професор Џон Хорват АО**
**Главен медицински службеник** NBCSR XXX